Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15 и 8/18) Градоначалникот на општина Струмица , објавува

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Се организира јавна анкета и јавна презентација за изработка на ДУП за дел од блок 4 (КП бр. 6610 и КП бр. 6611) КО Струмица, Општина Струмица со површина од 24488,26 м2 кој граничи :

- од север-запад по осовината на Сервисна улица 1
- од северо-исток по осовината на Собирна улица 1
- од југо – исток по границата на соседна градежна парцела ГП1,1
- од југо-запад по осовина на Индустријска улица 1

Одлуките за организирање на втора јавна анкета и јавна презентација се објавени на огласната табла на општина Струмица, Сектор за урбанизам и комунални работи, е-урбанизам, ВЕБ страната на Општина Струмица, „Службен гласник на општина Струмица“ и . две јавни гласила.

Јавната анкета ќе трае од 12.06.2019 год. до 26.06.2019 год.

Заинтересираните граѓани и правни лица , своите забелешки на посебни анкетни листови, ќе можат да ги достават во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Дом на АРМ на ден 21.06.2019 година во 12,00 часот

Број.09 – 4441/5
11.06.2019 год
Струмица

Општина Струмица
ГРАДОНАЧАЛНИК
Коста Јаневски